Во завршен збор обвинетиот **Васил Тупурковски** кажа:

Околу наводната незаконитост што беше опширно елаборирана од страна на претставниците на Обвинителството каде што и со изменетиот обв. акт како главен аргумент е потенцирано дека сме работеле незаконито, истото е неосновано бидејќи сметам дека сме работеле потполно законито за што ќе истакнам аргументи, за разлика од преставниците од Обвинителството кои не може да цитираат ниеден допис, ни еден закон ниеден пропис, ниедна Одлука или став на Владата која ќе ја објасни незкаонитоста на работењето.

Прво, Владата како предводник во извршната сфера, а стекнувајќи го тој капацитет врз основа на политичка борба што се вика „Избори" и нејзините тела што произлегуваат од нејзините ингеренции има целосно право да даде оценка за работата на Агенцијата, а исто така има и таква обврска. Првото на надзор го има Владата, а во случајот на Тајванските кредити, Министерството на финасии кое има општо право за надзор на работата на сите сегменти вклучувајќи ја и АОР, како тело на Владата. Значи немаше ниедна негативна оценка во ниеден извештај на Владата или на Министерството на финасии во однос на работата на АОР. Од ова призлегува дека единственото што го имаа на располагање застапниците на обвинението е ревизорскиот изештај од 2003 година. Наводно, според обвинението кривичното дело е сторено во текот на 1999 година. Ревизорот, во 2009 година не укажува на постоење на кривични дела на недостатоци кои Владата евентуално може да ги поправи со разни расположиви средства. Уште и пред тој извештај откако во месец Декември 1999 година бев избран за Потпретседател на Владата, попрецизно во месец Март 2009 година, дадов иницијативи на Седница на Владата, на кој начин да се унапреди работењето и процедурите во Агенцијата така да тешко може да се стигне до моја волја за злоупотреба на еден непостоечки систем за процедурите и работењето на Агенцијата бидејќи немало таков систем. Само од наводите на извештајот на ревизорот кој ги дава 4 години подоцна и кои не се однесуваат на 1999 година. Напротив јас сега ќе објаснам на кој начин ние работевме со што ќе докажам дека нашето работење било сосема валидно и законито. Сметам дека многу е опасно тоа што обвинителството има интенција да ја оценува работата на Владата како што сметам дека е опасно и Владата да ја оценува работата на Обвинителството бидејќи станува збор за елементарниот принцип на законита поделба на власта.

Обвинителството оценува што е содржината и можната намена на Тајванските кредити, па се згрозува што ние под намена за финансирање на инфраструктура сме дале кредит на фабрика за намештај. Постои клаузула што дава право за општа намена затоа што покрај тоа што е цитирано конкретно од инфраструктурата, општо се наведени и стопанските дејсноти и многу важниот збор „и друго". Со ова сакам да кажам дека можело да се кредитира и во други стопански дејности, односно се што било во рамките на Владината програма. Не сум сигурен цела втората транша од 20.000.000,00 долари дека можела да се преземе директно во буџетот како што било сторено, а за тоа обвинителството нема никаков коментар. Според тоа ако јас сум извршил злоупотреба со незаконито наменување на овие средства тогаш Владата извршила 10 пати поголема злоупотреба барем по вредност кога 20.000.000,00 долари се ставени од втората транша директно во буџетот. Но не сме извршиле злоупотреба, туку во рамките на политичкиот систем како што е уставно уреден сме носеле одлуки заради нашата одговорностза општите состојби во земјата. Обвинителството при тоа во ниеден момент не сакаше да се занимава еден од битните елементи на кривичното дело тоа е мојата волја да го сторам тоа кривично дело нормално во недостаток на било какви докази во таа смила иако во отсуство на еден од двата од битните елементи на кривичното дело, Обвинителството го суспендираше тоа право да ме гони или обратно има интенција да ме гони по секоја цена, да ги прекрши моите човечки права загарантирани со Уставот на РМ и со Европската конвенција на човекови права која е имплементирана во РМ. Секој ко што по секоја цена фабрификува кривично дело, ако има и таков капацитет во

системот како што е во случајот со Јавното обвинителство,врши крупна деградација на политичкиот систем и сериозно ја злоупотребува својата службена позиција. За незаконитоста како теза која Обвинителството ја бранеше без ниеден доказ кој би бил правно и законски релевантен, изнесов уставни елаборации исто така и законски, од законот за Влада, подзаконски акти како што се ставовите на Владата исто така и законски со правото на надзор на Министерството на финасии и надзорни во однос на Министерството на финансии за трошењето на средствата. Дека Владата конечно имала целосно законско право сведочи програмата на Владата, програмата за обнова и развој која што им е претставена на избирачите и сведоци процесот на одлуки кој што се во тој контекст. Оттука произлегуваат конкретни одговори кои се обидуваат да ги пласираат претставниците на Обвинителството. Каракатеристично е селективното прикажување на документите кои се прикажуваат пред судот за да се докаже мојата вина.

Јас знам дека и јас сум субјективен, но верувам дека и Обвинителството треба да има интенција да се докаже невиноста а не некој да се осуди по секоја цена. Ако е таа интенцијата во која силно верувам, тогаш договорот за комисион ќе биде презентиран односно елабориран, дека во него има два члена кои не може да не бидат предмет на правната анализа на Обвинителството. Првата дека деловната банка ќе ги спроведе сите дејности за реализација на кредитната линија. Ова можеби не изгледа многу конкретно, но е тотално конкретно бидејќи е превземено од Законот за банки каде што е јасно наведено и од каде што јасно произлегува што значи реализација на кредитна линија, кога истата ја реализира деловна банка. Нормално кога ќе се види Законот не може никој друг да ја реализира освен банката која затоа е овластена односно деловната банка. Оттука јасно произлегува зошто Обвинителството не го споменува чл.4 од договорот меѓу банката и Агенцијата со кој што јасно се утврдува дека банката нема да изврши никакво плаќање ниту на првата транша од кредитната линија без да се оцени обезбедувањето на кредитната линија од страна на кредито барачите што значи сакам да кажам дека банката морала да ги оценува поединечно по секој предмет за кредит предложените и понудените гаранции за кредитните средства. Тоа не сме можеле да го правиме ние бидејќи Законот за платен промет и Законот за банки предвидуваат други процедури кои ги споменав и затоа Влдата и не овластила да потпишеме таков догов ор со банката. Во конкретниот случај со Стопанска банка и затоа мојот бранител Светлана Савиќ во завршниот збор наведе односно цитираше оглас од Министерството на финасии на кој начин може да се аплицира за кредит, во таа развојна сфера во која се наоѓаше и Агенцијата и дека единствено надлежна институција која може да го реализира кредитот е надлежната банка. Кога ќе се земе ова во предвид јасно е јас како директор не сум давал кредити без оглед на се и по секоја цена или пак со некаква цел како што се наведува во обвинението бидејќи тоа не беше посочено од ниеден сведок сослушан во текот на оваа псотапка. Ниту сум им се јавил ниту комуницирале со мене ниту пак сум им се јавил ниту пак ме познавале.

По однос на Алмако Био Вино, на најневозможен можен начин се третира Законот за облигациони односи каде што договорот за комисион е јасно дефиниран и затоа, да се чита вториот договор склучен помеѓу Агенцијата и банката, а да се игнорира Законот кога се во прашање обврските на банката, навистина нема тежина. Сметам дека релацијата е сосема обратна по однос на релевантноста на фактите. Имено, на стр.2 во последниот пасос од изменетиот обв. акт се наведува дека кредитот е одобрен ненаменски. Исто така и по однос на ИФВ Кочани, истиот случај е како и со Алмако Вино Био. Доколку банката се придржуваше до своите законски обврски, за кои нема алтернатива, немаше да постои случај од Алмако Вино. Исто така сосема е неодржлива оценката и по однос на ИФВ Кочани дека се работи за ненаменско користење на средства бидејќи јасно е дека во програмата на Владата има место за овој случај така да ревитализирањето на ИФВ Кочани за која што во документацијата постојат сериозни документи дека фирмата е активна исто така и производството и дека имаат и извоз, а при тоа имаат статус на активен стечај што не менува ништо освен начинот на

раководење со фирмата не забранува да продолжи да се финансира тоа прооизводство бидејќи така се спасува фирмата се спасуваат работни места и се врши таа функција на зголемување на извозот за кое секојдневно се зборува во РМ. Тука нема ништо незаконито бидејќи банката неутврдувајќи адекватни заштитни инструменти ако навистина немало била должна да не изврши ни прво плаќање од кредитната линија.

По однос на живинарските фарми се гледа дека основната интенција на обв. акт и неговото денешно подржување дека веднаш се препишуваат работи што апсолутно се неточни. Обвинителството имаше прилика да **образлож и**на кој начин сум бил јас известен за околностие и конкретната економска поллитика во овие 4 жив.фарми. Сите претставници од фармите кажаа дека ниеден од нив не ме познава никогаш не сум разговарал со нив, а интенцијата да се подржи таа гранка - Македонското пиле бише од суштинско значење во РМ од две причини.

Привата дека ние увезувавме пилешко месо од 60.000.000,00 долари годишно и второто квалитетот и потеклото на тоа месо во споредба со нашето домашно контролирано производство. Таа интенција овде се сведе на мојата целосна информираност за цесијата што ја напаравиле овие фирми со Стопанска банка и како клучен елемент на мојата одговорносот за кредитирањето на овие компании. Тие фарми имаат право согласно Законот да заклучат цесија, а исто така и Стопанска банка што значи не им требала никаква дозвола ниту од мене ниту од Обвнилт. Обичен закучок е дека тие кога имале такво право и кога никој од мене не добил мконсултција, притисок, тогаш значи дека тоа го сториле сами и имале тоа право тоа да го направат. Јас и да сум знаел и да сум дознал што не е точно напротив јас не сум го знаел тоа но по претпоставка и да сум го знаел тоа не би можел тоа да ги склучат договорите за цесија. Можеби ако не се бранеше Стопанска банка самата себеси до таа мерка како што ја бранеше и Обвинителството што е огромен проблем бидејќи ако се види начинот на кој е санирана Стоопанска банка ќе излезат на површина огромните дубиози кој на свој начин ги повкрива Обвинителството. За санацијата на оваа банка се дадени 1.200.000.000,00 марки од државниот буџет.

Повеќе од 300.000.000,00 марки се класирани кредитни средства на неоправдан начини и кој на ниеден начин не се повратени што значи дека се работи за погрешни пласмани на банката и никого тоа не го интересира а овде обвинителството го интересира работењето на АОР со фабрикување на кривично дело.

Истото се однесува и за фирмата Интер Унија, ни случајно не сум знаел дека ќе склучат договор за асигнација а од друга страна можам да кажам дека тоа тие согласно Законот имале право да го сторат. Заеднички во сите овие случаи како што се ИФВ Кочани, Живинарсктие фирми и Интер Унија" јас сум им пишал писма на банката со кои сум им го свртел вниманието на банката дека се заинтерисирани да се реализираат предложените кредити, но откако ќе бидат приложени сите инструменти за заштита.

Со пресудата на Апелациониот суд се актуелизира наводно непостоењето на програма за наменско користење на средствата но тоа само требаше да ни укаже дека не ни биле јасни при првото судење сега требало да ги преиспитаме. Ако денес ЈО како една од двете странки пред судот се постави во позиција да верува и да тврди дека немало наменско трошење, јас заклучувам поинаку дека Апелациониот суд кој што бара да се оценат наводите за ненаменско користење на средствата барале посериозен пристап и дека тоа е едно од клучните прашања. Повисокиот суд исто така не го третира прашањето на нашата волја да го извршиме кривичното дело. Сметам дека на тоа треба да му се даде значење, а Обвинителството на тоа не му дава значење односно бара судење по секоја цена односно тоа е дубиоза-судење по секоја цена. Ние имаме заради ваквиот начин на постапување на ЈО огромни штети по нашите интереси како држава односно во нашите процеси на евроинтеграција, односно имам јас лична штета во тоа, не можам да патувам не можам да работам во Евопа а при тоа во секој годишен извештај во последните 5 години кога Европската комисија и се обраќа на Македонија , Обвинителството е еден од нашите поголеми проблеми.

Второобвинетиот Јован Јованов во завршен збор кажа: Јас како истакнат стопанственик кој работел 36 години во стопанството и 4 години во Владата како одговорен за стопанството мислам дека имам одлични сознанија за инвестиционата политика во стопанството. За да може овој суд да заклучи дали имам компентенција да спорам со некои постапки во обвинителството, морам да кажам накратко за мојот работен век. Јас сум работел 10 години во црна металургија-Железара Скопје. Оттаму, по налог на Власта сум отишол за технички Директор во „Хемтекс". Потоа сум бил во „Охис" па во „ГЕС" Гостивар потоа во „Рек" Битола . Сметам дека ова е повеќе стопански проблем отколку правен.

Во второстепната пресуда сосема јасно е наведено дека доколку е постапено по тоа писмо, немало да има никакви губитоци. Јас со ова сакам да кажам дека немам никаква одговорност, а најмалку кривична. Сакам да го негирам тврдењето на Обвинителството дека сум учестувал во постапката за доделување на кредити на Алмако Вино Био. Категорично тврдам дека не сум учествувал а тоа го потврди и директорот на Алмако Вино Био дека тој со мене немал никавки разговори. Намерата на секој инвеститор е средствата да се вртат да се оплодуваат.

Јас не се чуствувам виновен за кривичното дело што ми се става на товар и предлагам судот да ме ослободи од обвинение. Сакам да дополнам дека ова е политичко судење бидејќи никој не го гони Алмако Био Вино каде уште постои таа фирма туку тие пари ги бараат од нас обвинетите. Исто ова се однесува и на банката таа не постапила по нашиот„налог.